Procesverbali i përgatitur vihet në rendin e ditës të seancës së ardhshme për miratim. Nëse nuk ka komente në procesverbalin e seancës së kaluar, ato miratohen dhe të gjithë anëtarët e pranishëm, përveç emrit dhe mbiemrit, nënshkruajnë procesverbalin, si dhe personi që e ka përgatitur procesverbalin.

Доколку членовите на Државната комисија имаат определени забелешки на содржината на записникот од претходната седница со кои се согласува мнозинството од членовите, врз

Nëse anëtarët e Komisionit Shtetëror kanë vërejtje të caktuara për përmbajtjen e procesverbalit të seancës së kaluar, me të cilat pajtohen shumica e anëtarëve, në bazë të vërejtjeve të dhëna,

основа на дадените забелешки се врши измена или дополнување на записникот, по што записникот се усвојува, а се потпишуваат членовите на Државната комисија откако забелешките ќе бидат внесени во текстот на записникот.

Составен дел на записникот е аудио записот од седницата.

Член 32

Генералниот секретар се грижи за изготвување на записникот и за чувањето на оригиналите од записниците од седниците на Државната комисија.

**Прекин на седница**

Член 33

Претседателот на Комисијата ја прекинува седницата:

- ако се констатира дека нема мнозинство од членови потребно за одлучување;
- во случај на нарушување на редот во просторијата во којашто се одржува седницата;
- кога за тоа ќе одлучи мнозинство од присутните членови по предлог на член.

Прекинот на седницата се констатира во записник.

Времето за продолжување на прекинатата седница го определува претседателот на Државната комисија.

**Затворање на седница**

Член 34

По исцрпување на точките од дневниот ред, претседателот на Државната комисија констатира дека седницата е завршена и истата ја заклучува.

**Листа на заклучоци**

procesverbali ndryshohet ose plotësohet, pas së cilës procesverbali miratohet, dhe anëtarët e Komisionit Shtetëror nënshkruajnë pasi vërejtjet do të shënohen në tekstin e procesverbalit.

Pjesë përbërëse e procesverbalit është audioincizimi i seancës.

Neni 32

Sekretari i Përgjithshëm kujdeset për hartimin e procesverbalit dhe ruajtjen e origjinaleve të procesverbaleve të seancave të Komisionit Shtetëror.

**Ndërprerje të seancës**

Neni 33

Kryetari i Komisionit e ndërpret seancën:

- nëse konstatohet se nuk ka shumicë të anëtarëve të nevojshëm për vendimmarrje;
- në rast prishjes së rendit në hapësirën ku mbahet seanca;
- kur për këtë vendos shumica e anëtarëve të pranishëm me propozimin e një anëtari.

Ndërprerja e seancës shënohet në procesverbal.

Koha e rifillimit të seancës së ndërprerë e përcakton kryetari i Komisionit Shtetëror.

**Mbyllja e seancës**

Neni 34

Pas shterimit të pikave të rendit të ditës, kryetari i Komisionit Shtetëror e konstaton se seanca ka përfunduar dhe të njëjtën e mbyll.

**Lista e konkluzioneve**

Член 35

По завршување на седницата, во функција на постапување по донесените заклучоци, административниот службеник кој го водел записникот изготвува листа на донесени заклучоци што ја верификува претседателот на Државната комисија.

Neni 35

Pas përfundimit të seancës, në funksion të veprimit sipas konkluzioneve të miratuara, nëpunësi administrativ i cili ka mbajtur procesverbal përgatit listën e konkluzioneve të miratuara të cilën e verifikon kryetari i Komisionit Shtetëror.

## ПОСТАПУВАЊЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕДМЕТИ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

## VEEPRIMI DHE VENDIMMARRJE SIPAS LËNDËVE TË KOMISIONIT SHTETËROR

### Оформување и распределба на предмети

### Formimi dhe shpërndarja e lëndëve

Член 36

Државната комисија постапува по сопствена иницијатива или по поднесена пријава.

За постапувањето по сопствена иницијатива Државната комисија носи заклучок на состанок на колегиум врз основа на што се изготвува службена белешка за оформување на предмет.

Пријавата се поднесува во писмена форма преку архивата на Државната комисија или во електронска форма.

Пријавата, односно службената белешка за оформување на предмет се заведува во деловодникот на Државната комисија.

Распределбата на предметите се врши електронски, по азбучен ред на презимињата на членовите на Државната комисија.

Распределбата на предмети на претседателот на Државната комисија се врши после секое трето распределување на предмети на членови.

Neni 36

Komisioni Shtetëror vepron me vetiniciativë ose sipas denoncimeve të dorëzuar.

Për veprimin me vetiniciativë, Komisioni Shtetëror nxjerr një konkluzion në mbledhjen e kolegjiumit, mbi bazën e të cilit përgatitet shënim zyrtar për formimin e lëndës.

Denoncimi dorëzohet me shkrim në arkivin e Komisionit Shtetëror ose në formë elektronike.

denoncimi, gjegjësisht shënimi zyrtar për formiminë e lëndës, regjistrohet në regjistrin e Komisionit Shtetëror.

Shpërndarja e lëndëve bëhet në mënyrë elektronike, sipas rendit alfabetik të mbiemrave të anëtarëve të Komisionit Shtetëror.

Shpërndarja e lëndëve te kryetari i Komisionit Shtetëror bëhet pas çdo shpërndarjeje të tretë të lëndëve tek anëtarët.

### Постапување по оформени предмети

### Veprimi sipas lëndëve të formuara

Член 37

Постапувањето по оформен предмет се смета за започнато со преземањето на првото

Neni 37

Veprimi sipas lëndës së formuar konsiderohet se ka filluar me marrjen e veprimit të parë nga anëtari

дејствие на членот или претседателот на Државната комисија кому му е распореден предметот.

Член 38
Државната комисија ќе постапи по поднесена пријава ако од наводите и доказите приложени кон пријавата или од сознанија добиени на друг начин, основано произлегува дека е загрозен јавниот интерес од страна на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.
Оценката за постапување по пријави е согласно интерните процедури од областите на спречување на корупцијата, судирот на интереси, следење на имотната состојба, финансирање на политички партии и изборни кампањи.

Член 39
Во постапувањето по предмет, претседателот или членот на Државната комисија, ги презема сите дејствија кои му стојат на располагање за утврдување на фактичката состојба и носење на соодветна одлука: барање на информации и податоци од надлежните институции или од правни и физички лица; вршење непосреден увид во документацијата на јавните институции и други правни лица; повикување лица, земање изјава од лицето на кое се однесува пријавата; повикување стручни лица да дадат стручно мислење и друго.

Постапување по предмет се смета за започнато од моментот на преземање на првото дејствие од страна на претседателот или членот на Државната комисија кај кого е распореден предметот.
За текот на постапувањето, претседателот или членот на Државната комисија редовно

ose kryetari i Komisionit Shtetëror të cilit i është caktuar lënda.

Neni 38
Komisioni Shtetëror do të veprojë sipas denoncimit të dorëzuar nëse nga pretendimet dhe provat e bashkangjitura në denoncim ose nga informacionet e marra në mënyrë të arsyeshme rezulton se kërcënohet interesi publik nga ana e personave zyrtarë gjatë ushtrimit të kompetencave publike dhe detyrave zyrtare.
Vlerësimi për veprimin sipas denoncimeve është në përputhje me procedurat e brendshme në fushat e parandalimit të korrupsionit, konfliktit të interesave, monitorimit të gjendjes pasurore, financimit të partive politike dhe fushatave zgjedhore

Neni 39
Në veprimin sipas lëndës, kryetari ose anëtari i Komisionit Shtetëror ndërmerr të gjitha veprimet që ka në dispozicion për të konstatuar gjendjen faktike dhe miratimin e vendimit të duhur: duke kërkuar informacione dhe të dhëna nga institucionet kompetente ose nga personat juridikë dhe fizikë; kryerjen e kontrollit të menjëhershëm të dokumentacionit të institucioneve publike dhe personave të tjerë juridikë; thirrjen e personave, marrjen e deklaratës nga personi të cilit i referohet denoncimi; thirrja e personave ekspertë për të dhënë mendim profesional dhe të tjerë.
Veprimi sipas lëndës konsiderohet se ka filluar nga momenti i marrjes së veprimit të parë nga ana e kryetarit ose anëtarit të Komisionit Shtetëror të cilit i është caktuar lënda.

Për rrjedhën e veprimit, kryetari ose anëtari i Komisionit Shtetëror raporton rregullisht në

известува на состаноците на колегиум за преземените дејствија, како и за утврдените состојби.

По завршување на постапувањето, членот на Државната комисија, заедно со административниот службеник подготвува нацрт-одлука по која се води расправа на состанок на колегиум или седница.

**Донесување одлуки**

Член 40

Државната комисија, за работите од своја надлежност, одлучува на седница со мнозинство гласови од вкупниот состав на Државната комисија.

Државната комисија носи одлука за отфрлање на пријавата во случаи кога ќе оцени дека: нема елементи за надлежно постапување; оцени дека друг орган е надлежен да постапува; нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност или нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Државната комисија носи одлука за запирање на натамошното постапување по предмети во случаи кога со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на закон или кога поднесува иницијативи до други надлежни органи.

Доколку во текот на постапката е констатирана повреда на закон, Државната комисија ќе донесе одлука со која ќе наложи преземање дејствија или ќе изрече мерка што е во нејзина надлежност.

Одлуките на Државната комисија се објавуваат на нејзината веб-страница во рок од пет дена од денот на нивното донесување.

mbledhjet e kolegjiumit për veprimet e ndërmarra, si dhe për situatat e përcaktuara.

Pas përfundimit të procedurës, anëtari i Komisionit Shtetëror, së bashku me nëpunësin administrativ, përgatit një projekt - vendim, i cili diskutohet në mbledhjen ose seancën e kolegjiumit.

**Vendimmarrja**

Neni 40

Komisioni Shtetëror, për çështjet në juridiksionin e tij, vendos në seancën me shumicën e votave nga përbërja e përgjithshme e Komisionit Shtetëror.

Komisioni Shtetëror merr vendim për hedhjen poshtë të denoncimit në rastet kur vlerëson se: nuk ka elemente për veprim kompetent; vlerëson se organi tjetër është kompetent për të vepruar; nuk ka pretendime apo indikacione të qarta për veprime të paligjshme apo të palejueshme të personave zyrtarë në ushtrimin e kompetencave publike dhe detyrave zyrtare, apo nuk ka mundësi të siguronë informacione shtesë për pretendimet në denoncim (denoncim anonim).

Komisioni Shtetëror merr vendim për ndërprerjen e veprimit të mëtejshëm sipas lëndëve në rastet kur me gjendjen faktike të konstatuar nuk konstatohet shkelje të ligjit ose kur paraqet iniciativa pranë organeve të tjera kompetente.

Nëse gjatë procedurës konstatohet shkelje e ligjit, Komisioni Shtetëror do të marrë vendim me të cilin urdhërohet të ndërmerren veprime ose të shqiptojë masë që është në juridiksionin e tij.

Vendimet e Komisionit Shtetëror publikohen në faqen e tij në internet brenda pesë ditëve nga dita e miratimit të tyre.

За донесената одлука, Државната комисија го известува подносителот доколку е познат.

Komisioni Shtetëror e njofton parashtruesin për vendimin e marrë, nëse është i njohur.

**Содржина на Одлука**

Член 41

Одлуката на Државната комисија содржи:

- означување дека е донесена на седница на Државната комисија,
- податоци за подносителот на пријавата односно назнака дека постапката е започната по поднесена пријава или по сопствена иницијатива на Државната комисија,
- диспозитив,
- образложение,
- правна поука доколку е допуштено,
- место и датум и број на одлука,
- назнака ,,изготвил'' со иницијали и потпис на членот на Државната комисија и службено лице кое ја изготвило одлуката,
- потпис на претседателот и печат на Државната комисија.

**Përmbajtja e Vendimit**

Neni 41

Vendimi i Komisionit Shtetëror përmban:

- shënimin se është miratuar në seancë të Komisionit Shtetëror,
- të dhënat për parashtruesin e denoncimit, gjegjësisht, tregues se procedura ka filluar pas sipas denoncimit të dorëzuar ose me vetiniciativë të Komisionit Shtetëror,
- dispozitiv,
- arsyetim
- udhëzim ligjor nëse lejohet,
- vendi dhe data dhe numri i vendimit,
- treguesi "përgatiti" me inicialet dhe nënshkrimin e anëtarit të Komisionit Shtetëror dhe personit zyrtarë që e ka përgatitur vendimin,
- nënshkrimi i Kryetarit dhe vula e Komisionit Shtetëror.

**Иницијатива до надлежен орган**

Член 42

Иницијативата на Државната комисија до надлежните органи содржи основ за покренување на иницијативата, опис на утврдената фактичка состојба, барање за преземање мерки или дејствија и образложение.

**Iniciativë drejtuar organit kompetent**

Neni 42

Iniciativa e Komisionit Shtetëror drejtuar organeve kompetente përmban bazën për fillimin e iniciativës, përshkrimin e gjendjes faktike të konstatuar, kërkesën për marrjen e masave apo veprimeve dhe arsyetimin.

Надлежните органи се должни да ја известат Државната комисија за дејствијата и мерките кои се преземени во рок од 60 дена од добивањето на иницијативата.

**Рокови**

Член 43

Постапката пред Државната комисија се води во рок од 60 дена од нејзиното започнување.

Доколку во текот на постапувањето, претседателот или членот на Државната комисија констатира дека се појавило некое прејудициелно прашање во надлежност на друг орган од кое зависи исходот на главната работа по која одлучува Државната комисија, тој ќе предложи донесување на заклучок за прекин (мирување) на постапувањето. Додека трае прекинот на постапувањето, престануваат да течат роковите за водење на постапката и носење на одлука. Во заклучокот за прекин на постапувањето ќе биде наведен и рокот кога ќе продолжи нејзиното водење, но тој не може да е подолг од дополнителни 60 дена, а прекинува штом бидат исполнети условите да продолжи текот на постапувањето. За прекинот на постапката и пролонгирање на рокот за нејзино водење се известува подносителот на пријавата доколку е познат.

**Постапувања на Државната комисија при утврдување на фактичката состојба**

**Барање на информации и податоци од банка или друга финансиска институција**

Член 44

Претседателот или членот на Државната комисија во текот на постапувањето по конкретен предмет може да бара информации

Organet kompetente janë të detyruara të informojnë Komisionin Shtetëror për veprimet dhe masat e ndërmarra brenda 60 ditëve nga marrja e iniciativës.

**Afatet**

Neni 43

Procedura para Komisionit Shtetëror zhvillohet brenda 60 ditëve nga fillimi i saj.

Nëse gjatë procedurës, kryetari ose anëtari i Komisionit Shtetëror konstaton se ka lindur një çështje paragjykuese nën juridiksionin e një organi tjetër, nga e cila varet përfundimi i çështjes kryesore sipas të cilës vendos Komisioni Shtetëror, ai do të propozojë miratimin e një konkluzion për ndërprerjen (pezullimin) e trajtimit. Derisa zgjat pezullimi i procedimit pushojnë afatet për zhvillimin e procedurës dhe marrjen e vendimit. Në konkluzionin për ndërprerje të procedimit do të jetë e theksuar edhe afati se kur do të vazhdojë trajtimi i sajë, por nuk mund të jetë më i gjatë se 60 ditë shtesë, ndërsa ndërpritet sapo të plotësohen kushtet për vazhdimin e trajtimit. Për ndërprerjen e procedurës dhe zgjatjen e afatit për zhvillimin e saj, njoftohet parashtruesi i denoncimit nëse është i njohur.

**Veprimet e Komisionit Shtetëror në përcaktimin e gjendjes faktike**

**Kërkesë për informacione dhe të dhëna nga banka ose nga ndonjë institucion tjetër financiar**

Neni 44

Kryetari ose anëtari i Komisionit Shtetëror, gjatë veprimit për një lëndë të caktuar, mund të kërkojë informacion dhe të dhëna nga një bankë ose

и податоци од банка или друга финансиска институција за службеното лице или за одговорното лице во правното лице за кое се води постапка кога таквите информации се од значење за одлучување по предметот. За ваквото барање веднаш се известува службеното лице или одговорното лице во правното лице за кое се бараат податоци.

Банката или институцијата од став 1 на овој член должна е да ги достави потребните податоци и информации во рок од 15 дена од добивање на барањето.

Претседателот и членовите на Државната комисија можат во текот на постапката да користат податоци од базите на податоци до кои ДКСК има електронски пристап согласно со член 25 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

### Повикување лица

Член 45

Претседателот или членот на Државната комисија во текот на постапката по конкретен предмет може да го повика подносителот на пријавата, лицето за кое се води постапката како и други лица поврзани со предметот да дадат изјава и секакви дополнителни објаснувања и информации потребни за утврдување на фактичката состојба и носење на одлуката.

За дадените изјава и дополнителни известувања и информации од став 1 на овој член се составува службена белешка што ја потпишуваат лицето што ја дало изјавата, службено лице кое ја составило белешката и претседателот или членот на Државната комисија кој ја водел постапката. Оваа белешка претставува составен дел од списите на предметот при одлучувањето по него.

institucion tjetër financiar për personin zyrtar ose për personin përgjegjës në personin juridik për të cilin zhvillohet procedura kur informacioni i tillë është i rëndësishëm për vendosjen sipas lëndës. Për një kërkesë e tillë menjëherë lajmërohet personit zyrtar ose përgjegjës në personin juridik për të cilin kërkohen të dhënat.

Banka ose institucioni sipas paragrafit 1 të këtij neni siguron të dhënat dhe informacionin e nevojshëm në afat prej 15 ditëve nga marrja e kërkesës.

Kryetari dhe anëtarët e Komisionit Shtetëror gjatë procedurës mund të përdorin të dhënat nga bazat e të dhënave të cilave KSHPK-ja ka qasje elektronike në përputhje me nenin 25 të Ligjit të Parandalimit të Korrupsionit dhe të Konfliktit të Interesit.

### Thirja e personave

Neni 45

Kryetari ose anëtari i Komisionit Shtetëror, gjatë procedurës ndaj një lënde të caktuar, mundë t'i bëjë thirrje parashtruesit të denoncimit, personit për të cilin zhvillohet procedura dhe personave të tjerë lidhur me lëndën, të japin deklaratë dhe shpjegim dhe informacion shtesë të nevojshëm për të përcaktuar gjendjen faktike dhe miratimin e vendimit.

Për deklarimet dhe njoftimet shtesë dhe informacionin e dhënë në paragrafin 1 të këtij neni, do të hartohet një shënim zyrtar i nënshkruar nga personi që ka bërë deklaratën, personi zyrtarë që përpiloi shënimin dhe kryetari ose anëtari i Komisionit Shtetëror që udhëhoqi procedurën. Ky shënim paraqet pjesë integrale të dosjeve të lëndës gjatë vendosjes sipas tij.

**Увид**

Член 46

Во текот на постапувањето по конкретен предмет, Претседателот или членот на Државната комисија може да побара вршење на непосреден увид во документацијата на јавна институција или друго правно лице, кога увидот во документацијата е од значење за одлучување по предметот.

На увидот од претходниот став на овој член покрај претседателот или членот на Државната комисија кој ја води постапката по конкретниот предмет присуствува и службено лице од Секретаријатот кое учествува во спроведувањето на постапката. На увидот, доколку има потреба, може да присуствуваат и други членови на Државната комисија.

За спроведениот увид се составува белешка која ја потпишуваат лицата кои присуствувале на увидот. Оваа белешка претставува составен дел од списите на предметот при одлучувањето по него.

**Këqyrje**

Neni 46

Gjatë procedurës sipas një lënde konkrete, Kryetari ose anëtari i Komisionit Shtetëror mund të kërkojë këqyrje të menjëhershëm mbi dokumentacionin e një institucioni publik ose personi tjetër ligjor, kur këqyrja e dokumentacionit është i rëndësishëm për të vendosur sipas lëndës.

Në këqyrjen sipas paragrafit paraprak të këtij neni, përveç kryetarit ose anëtarit të Komisionit Shtetëror që udhëheq procedurën për lëndën konkrete, merë pjesë edhe personi zyrtarë nga Sekretariati i cili merr pjesë në zbatimin e procedurës. Në këqyrjen nëse është e nevojshme mundë të marinë pjesë edhe anëtarët e tjerë të Komisionit Shtetëror.

Për këqyrjen e realizuar përpilohet një shënim që e nënshkruajnë personat që morën pjesë në këqyrjen. Ky shënim paraqet pjesë integrale të dosjeve të lëndës gjatë vendosjes sipas tij.

**Користење на надворешни експерти**

Член 47

Во текот на постапувањето по конкретен предмет, Претседателот или членот на Државната комисија може да побара експертиза од физичко или правно лице за целосно утврдување на фактичката состојба и одлучување по предметот.

За целта утврдена во претходниот став од овој член, во постапката може да се користи и претходно подготвена експертиза за потребите на Државната комисија со која располага

**Duke përdorur ekspertë të jashtëm**

Neni 47

Gjatë veprimit sipas një lënde konkrete, Kryetari ose anëtari i Komisionit Shtetëror mund të kërkojë ekspertizë nga personi fizik ose juridik për të përcaktuar plotësisht situatën faktike dhe për të vendosur sipas lëndës.

Për qëllimin e përcaktuar në paragrafin e mëparshëm të këtij neni, në procedurë mund të përdorët edhe ekspertiza e parapërgatitur më parë për nevojat e Komisionit Shtetëror me të cilat

Државната комисија, која е од значење за правилно одлучување по конкретниот предмет.

Државната комисија може да прибавува експертски мислења потребни за нејзино ефикасно и непречено функционирање и за прашања и состојби од нејзина надлежност, а кои не се однесуваат на одлучување по конкретен предмет.
За потребата од експертиза одлучува Државната комисија, а врз основа на донесената одлука Претседателот на Државната комисија склучува договор со физичкото или правното лице за спроведување експертиза.

disponon Komisioni Shtetëror, i cili është i rëndësishëm për marrjen e duhur të vendimeve sipas lëndës konkrete.
Komisioni Shtetëror mund të marrë mendimet e ekspertëve të nevojshëm për funksionimin efikas dhe pa probleme për çështje dhe situata brenda juridiksionit të tij, të cilat nuk kanë të bëjnë me vendim-marrjen sipas lëndës së caktuar.

Për nevojën e ekspertizës vendos Komisioni Shtetëror dhe në bazë të vendimit të miratuar kryetari i Komisionit Shtetëror lidh marrëveshje me personin fizik ose juridik për kryerjen e ekspertizës.

**Спречување на корупција во политиката**

Член 48

Државната комисија покренува постапка за испитување на финансирање на политичка партија по сопствена иницијатива или по иницијатива од државни органи, политички партии или здруженија и фондации кои работат во областа на спречување на корупцијата, владеење на правото или доброто управување.
По иницијативите од претходниот став на овој член се постапува согласно членовите 36 и 38 од овој Деловник.
По иницијативите кои не се поднесени од субјектите од став 1 на овој член и не содржат доволно основани сомневања за поведување постапка по нив, Државната комисија носи одлука за отфрлање што се доставува до подносителот на иницијативата и ја објавува на својата веб-страница.
По иницијатива која содржи основани сомневања, како и по сопствена иницијатива, Државната комисија донесува решение за поведување постапка за испитување на

**Parandalimi i korrupsionit në politikë**

Neni 48

Komisioni Shtetëror nis procedurën për hulumtimin e financimit të një partie politike me iniciativën e tij ose me iniciativën e autoriteteve shtetërore, partive politike ose shoqatave dhe fondacioneve që punojnë në fushën e parandalimit të korrupsionit, sundimit të ligjit apo qeverisjes së mirë.
Pas iniciativave sipas paragrafit paraprak të këtij neni veprohet në përputhje me nenet 36 dhe 38 të kësaj rregulloreje.
Pas iniciativave që nuk janë dorëzuar nga subjektet, sipas paragrafit 1 të këtij neni, dhe nuk përmbajnë arsye të mjaftueshme për fillimin e procedurës sipas tyre, Komisioni Shtetëror merr vendim për refuzimin që i dërgohet parashtruesit të iniciativës dhe publikohet në faqen e tij të internetit. .
Pas iniciativës që përmban dyshime të bazuara, si dhe pas vetiniciativës, Komisioni Shtetëror merr vendim për fillimin e procedurës për shqyrtimin e

финансирањето на политичката партија на која се однесува иницијативата.

Решението од претходниот став, Државната комисија го објавува на својата веб-страница.

Постапката се смета за започната од денот на донесување на решението од ставот (4) на овој член.

Член 49

Државната комисија ги доставува образложената иницијатива и решението за поведување постапка за испитување на финансирањето на политичка партија до политичката партија за која се поведува постапката.

Политичката партија има право на одговор на наводите во иницијативата во рок од 15 дена од нејзиното доставување.

Член 50

За роковите за водење и завршување на постапката за испитување на финансирањето на политичка партија се применува член 43 од овој Деловник.

По завршување на постапката од претходниот став, доколку се утврди дека сомневањето за незаконито финансирање на политичка партија е основано, Државната комисија иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи.

**Постапка за следење на законитоста на финансирањето на изборна кампања**

Член 51

Државната комисија во случај на постоење на сомневање за незаконито финансирање на изборна кампања, може да покрене постапка за утврдување на фактичката состојба по сопствена иницијатива или по приговор на

financimit të partisë politike të cilës i referohet iniciativa.

Vendimin sipas paragrafit paraprak, Komisioni Shtetëror e publikon në faqen e tij të internetit.

Procedura konsiderohet se ka filluar nga dita e miratimit të vendimit, sipas paragrafit (4) të këtij neni.

Neni 49

Komisioni Shtetëror, iniciativën e arsyetuar dhe vendimin për fillimin e procedurës për shqyrtimin e financimit të partisë politike, ia dorëzon partisë politike për të cilën është iniciuar procedura.

Partia politike ka të drejtë t'i përgjigjet pretendimeve në nismë brenda 15 ditëve nga dorëzimi i saj.

Neni 50

Për afatet për zhvillimin dhe përfundimin e procedurës për shqyrtimin e financimit të një partie politike zbatohet neni 43 nga kjo rregullore.

Pas përfundimit të procedurës sipas paragrafit paraprak, nëse konstatohet se dyshimi për financim të kundërligjshëm të partisë politike është i bazuar, Komisioni Shtetëror inicion procedurë për përcaktimin e përgjegjësisë para organeve kompetente.

.

**Procedura për ndjekje të ligjshmërisë së financimit të fushatës zgjedhore**

Neni 51

Komisioni Shtetëror në rast të ekzistimit të dyshimit për financim të paligjshëm të një fushate zgjedhore, mund të fillon procedurë për konstatimin e gjendjes faktike sipas vetiniciativës

организатор на изборна кампања или акредитиран набљудувач.

Приговорот или иницијативата со кој/а е поведена постапка со сите наводи, Претседателот или член на Државната комисија кај кој е распореден предметот, ја доставува до лицето против кого се води постапката за одговор во рок од 24 часа од заведување на предметот во Архивата на Државната комисија.

Лицето од претходниот став на овој член има право да се произнесе по наводите во приговорот или иницијативата во рок од три дена од нивниот прием.

По истекот на рокот од претходниот став на овој член, но не подолго од 5 дена од приемот на приговорот, Државната комисија ќе закаже јавна седница на која ќе расправа по сите наводи и ќе донесе одлука по конкретниот предмет.

Покана за присуство на седницата од претходниот став на овој член се доставува до подносителот на приговорот кога постапката е покрената по приговор и до овластениот претставник на организаторот на кампањата против кого е поднесен приговорот односно поведена постапка по сопствена иницијатива на Државната комисија.

Одлуката од став (4) на овој член се објавува на веб-страницата на Државната комисија во рок од 24 часа од закажувањето на јавната седница.

Против одлуката на Државната комисија дозволена е тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од добивањето на одлуката.

Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 48 часа од приемот на тужбата.

Член 52

Државната комисија во рок од 15 дена од донесувањето на одлуката од чл. 51 ст. (4) од

së tij ose sipas kundërshtimit të organizatorit të fushatës zgjedhore ose vëzhguesit të akredituar.

Kundërshtimin ose iniciativën me të cilën është nisur procedura me të gjitha pretendimet, Komisionit Shtetëror ose anëtari i të cilit i është caktuar lënda, ia dorëzon personit ndaj të cilit po zhvillohet procedura për përgjigje brenda 24 orëve nga data e regjistrimit të lëndës në Arkivin e Komisionit Shtetëror.

Personi sipas paragrafit paraprak të këtij neni ka të drejtë të vendosë për pretendimet në kundërshtimin ose iniciativën brenda tri ditëve nga marrja e tyre.

Pas skadimit të afatit sipas paragrafit paraprak të këtij neni, por jo më shumë se 5 ditë nga marrja e kundërshtimit, Komisioni Shtetëror do të caktojë seancë publike në të cilën do të diskutojë të gjitha pretendimet dhe do të vendosë sipas rastit konkret.

Ftesa për pjesëmarrje në seancën sipas paragrafit paraprak të këtij neni i dërgohet parashtruesit të kundërshtimit kur procedura është filluar sipas kundërshtimit dhe përfaqësuesit të autorizuar të organizatorit të fushatës kundër të cilit është dorëzuar kundërshtimi, gjegjësisht procedurë e nisur me vetiniciativë të Komisionit Shtetëror.

Vendimi, sipas paragrafit (4) të këtij neni, publikohet në ueb-faqen e Komisionit Shtetëror në afat prej 24 orëve nga caktimi i seancës publike.

Kundër vendimit të Komisionit Shtetëror për Parandalimin e Korrupsionit, në Gjykatën Administrative lejohet padia në afat prej 24 orëve nga pranimi i vendimit.

Gjykata administrative është e detyruar të marrë vendim brenda 48 orëve nga marrja e padisë.

Neni 52

Komisioni Shtetëror në afat prej 15 ditëve nga miratimi i vendimit sipas nenit. 51 par. (4) të kësaj

овој Деловник доколку постојат основани сомневања должна е да иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи.

### Постапка за контрола на злоупотреба на буџетски средства во периодот по распишување на избори

Член 53

Државната комисија во постапувањето и одлучувањето при спроведување контрола на злоупотреба на буџетски средства во периодот по распишување на избори го применува чл. 51 од овој Деловник.

Одлуките на Државната комисија со кои се утврдени прекршувања на одредбите од членовите 33 и 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и член 8-а од Изборниот законик по кои не е изјавена тужба пред Управен суд или за кои Управниот суд ја потврдил одлуката на Државната комисија, се доставуваат до Државната изборна комисија на нејзино надлежно постапување.

Член 54

Претседателот или членот на Државната комисија кај кој е распореден предметот поврзан со спречување на корупција во политиката, доколку за постапувањето по предметот во овој Деловник не се содржани посебни одредби, ја води постапката со директна примена на одредбите од Глава четврта „Спречување на корупција во политиката“ (член 31 – член 43) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

rregulloreje, nëse ekzistojnë dyshime të arsyeshme, është i detyruar të iniciojë procedurë për përcaktimin e përgjegjësisë para organeve kompetente.

### Procedura për kontrollin e keqpërdorimit të mjeteve buxhetore në periudhën pas shpalljes së zgjedhjeve

Neni 53

Komisioni Shtetëror në veprimin dhe marrjen e vendimeve gjatë zbatimit të kontrollit të keqpërdorimit të mjeteve buxhetore pas shpalljeve të të zgjedhjeve e zbaton nen.51 të kësaj Rregullore.

Vendimet e Komisionit Shtetëror me të cilat konstatohen shkelje të dispozitave të neneve 33 dhe 34 të Ligjit të Parandalimit të Korrupsionit dhe të Konfliktit të Interesit, si dhe nenit 8a të Kodit Zgjedhor, për të cilat nuk është paraqitur asnjë padi në Gjykatën Administrative për të cilat Gjykata Administrative e ka vërtetuar vendimin e Komisionit Shtetëror, ato i dorëzohen Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve për veprim kompetent.

Neni 54

Kryetari ose anëtari i Komisionit Shtetëror të cilit i është caktuar lënda që ka të bëjë me parandalimin e korrupsionit në politikë, nëse për veprimin sipas lëndës në këtë Rregullore nuk përmban dispozita të veçanta , procedurën e udhëheq me zbatim të drejtpërdrejt të dispozitave nga kreu i katërt "Parandalimi i korrupsionit në politikë" (neni 31 - neni 43) të Ligjit të Parandalimit të Korrupsionit dhe të Konfliktit të Interesit.

**Постапка пред Државната комисија за спречување на судир на интереси**

Член 55

Постапката за предмет во врска со спречување на судир на интереси, претседателот или член на Државната комисија кај кој е распореден предметот ја води со примена на одредбите за постапување на овој Деловник и со директна примена на одредбите (член 76 до член 79) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и интерните процедури.

**Постапка за проверка на вистинитоста на податоците од Изјавата за имотна состојба и интереси и испитување на имотната состојба**

Член 56

Државната комисија врши проверка на вистинитоста на податоците од изјавата за имотна состојба и интереси во случај кога постапува по конкретен предмет или врз основа на годишниот план од членот 19 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Државната комисија поведува постапка за испитување на имотната состојба на лице кое согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е должно да поднесе изјава за имотна состојба и интереси ако постои основано сомневање дека неговиот имот е несразмерно зголемен во споредба со неговите редовни примања или примањата на членовите на неговото семејство.

Во случаите од ставот 2 на овој член Државната комисија ќе го повика лицето за кое повело постапка за испитување на имотната состојба да достави податоци за основот на стекнување на имотот.

**Procedura pranë Komisionit Shtetëror për Parandalimin e Konfliktit të Interesave**

Neni 55

Procedura për lëndën në lidhje me parandalimin e konfliktit të interesit, kryetari ose anëtari i Komisionit Shtetëror të cilit i është caktuar lënda, e udhëheqë duke zbatuar dispozitat për trajtimin e kësaj rregulloreje dhe duke zbatuar drejtpërdrejt dispozitat (neni 76 deri në nenin 79) të Ligjit të Parandalimit të Korrupsionit dhe të Konfliktit të Interesit dhe procedurat e brendshme.

**Procedura për verifikimin e vërtetësisë së të dhënave nga Deklarata e gjendjes pasurore dhe interesave dhe hulumtimi i gjendjes pasurore**

Neni 56

Komisioni Shtetëror kryen kontroll të vërtetësisë së të dhënave nga deklarata e gjendjes pasurore dhe interesave në rast kur vepron për një lëndë konkrete ose në bazë të planit vjetor sipas nenit 19 të Ligjit të Parandalimit të Korrupsionit dhe të Konfliktit të Interesit.

Komisioni Shtetëror gren procedurë për shqyrtimin e gjendjes pasurore të personit i cili sipas Ligjit të Parandalimit të Korrupsionit dhe të Konfliktit të Interesit është i detyruar të dorëzon deklaratë të gjendjes pasurore dhe të interesave nëse ekziston dyshimi i bazë se pasuria e tij është rritur në mënyrë disproporcionale në krahasim me të ardhurat e tij të rregullta ose të ardhurat për anëtarët e familjes.

Në rastet sipas paragrafit 2 të këtij neni, Komisioni Shtetëror do të thërrasë personin për të cilin është nisur procedura për shqyrtimin e gjendjes pasurore që të paraqesë të dhëna në bazë të fitimit të pronës.

Рокот за доставување на бараните податоци од ставот 3 на овој член изнесува 15 дена од приемот на барањето за доставување податоци.
Заради утврдување на фактичката состојба во постапката за проверка на вистинитоста на податоците во Изјавата и во постапката за испитување на имотната состојба на лице за кое повела постапка, Државната комисија може да побара во рок што ќе го определи, информации од државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, носителите на платниот промет и други физички и правни лица.
Доколку субјектите наведени во став 5 од овој член на Државната комисија не и ги достават потребните информации и не достават образложение најдоцна во рок од 15 дена од приемот на барањето, Државната комисија за тоа го известува органот кој врши надзор врз субјектот, а може да поднесе и посебен извештај до Собранието на Република Северна Македонија или да ја извести јавноста за случајот.
Ако во постапката за испитување на имотот и имотната состојба не се докаже дека имотот е стекнат или зголемен како резултат на примања што се пријавени и оданочени, Државната комисија против лицето за кое ја водела постапката ќе поднесе иницијатива за покренување кривична постапка до надлежното јавно обвинителство, а за преземените дејствија ќе го извести органот којшто го именувал, избрал или во којшто лицето е вработено, односно каде што ја врши функцијата.
Постапката за проверка на податоците за имотна состојба и интереси како и испитувањето на имотната состојба, Државната комисија ќе ги уреди со интерни процедури.

Afati për dorëzimin e të dhënave të kërkuara, sipas paragrafit 3 të këtij neni, është 15 ditë nga dita e pranimit të kërkesës për dorëzimin e të dhënave.

Për përcaktimin e gjendjes faktike në procedurën për verifikimin e vërtetësisë së të dhënave në deklaratë dhe në procedurën për hulumtimin e gjendjes pasurore të personit për të cilin është nisur procedura, Komisioni Shtetëror mund të kërkojë brenda një afati që përcakton, informacione nga organet shtetërore, organet e njësive të vetëqeverisjes lokale, bartësit e transaksionit të pagesës dhe persona të tjerë fizikë e juridikë.
Nëse subjektet e përmendura në pikën 5 të këtij neni, Komisionit Shtetëror nuk i dërgojnë informacionin e nevojshëm dhe nuk dërgojnë shpjegim jo më vonë se 15 ditë nga marrja e kërkesës, Komisioni Shtetëror për këtë e njofton organin që mbikëqyr subjektin dhe mund të paraqesë një raport të posaçëm në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë së Veriut ose të informojë opinionin për rastin.

Nëse në procedurën e hulumtimit të pasur dhe gjendjes së pasurisë nuk vërtetohet se pasuria është fituar apo shtuar si rezultat i të ardhurave që janë raportuar dhe tatuar, Komisioni Shtetëror kundër personit që e ka udhëheqë procedurën do të paraqesë iniciativë për fillimin e procedurës penale në prokurorinë publike kompetente, ndërsa për veprimet e ndërmarra do ta njoftojë organin që e ka caktuar, e ka zgjedhur ose në të cilin personi është i punësuar, gjegjësisht ku e kryen funksionin.

Procedura për kontrollin e të dhënave për gjendjen pasurore dhe interesave, si dhe hulumtimin e gjendjes pasurore, Komisioni

Shtetëror do t'i rregullon me procedura të brendshme.

Член 57

Во случај кога постојат докази дека член на семејството или блиско лице на службеното лице, се стекнал со значителен имот за време на вршење на јавните овластувања, односно должности на службеното лице, што ги надминува неговите редовни примања, а постои основано сомневање дека службеното лице со намера да го прикрие потеклото на имотот префрлило имот на тој член на семејството, односно блиско лице, Државната комисија ќе покрене постапка за испитување на основот на стекнување на имотот на тој член, односно блиско лице.

Neni 57

Në rast se ka prova se një anëtar i familjes ose një i afërm i personit zyrtarë ka fituar pasuri të konsiderueshme gjatë ushtrimit të pushtetit publik, gjegjësisht detyrave të personit zyrtarë, e cila tejkalon të ardhurat e tij të rregullta, dhe ekziston dyshimi i arsyeshëm se personi zyrtarë me qëllim të fshehjes së prejardhjes së pasurisë që i është bartur atij anëtari të familjes, përkatësisht personit të afërt, Komisioni Shtetëror do të ngre procedurë për shqyrtimin e bazës së fitimit të pasurisë së atij anëtari, gjegjësisht personit të afërt.

**Прекршочна постапка**

Член 57-а

За прекршоците утврдени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси прекршочната постапка ја води и прекршочни санкции изрекува Прекршочната комисија во Државната комисија.

Согласно член 114 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија формира Прекршочна комисија составена од пет административни службеници вработени во Секретаријатот на Државната комисија.

Прекршочната комисија во Државната комисија прекршочната постапка ја води согласно со Законот за прекршоците.

Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка се води постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

**Procedura kundërvajtëse**

Neni 57- a

Për kundërvajtjet e përcaktuara me Ligjin e Parandalimit të Korrupsionit dhe të Konfliktit të Interesit, procedurën për kundërvajtje e zhvillon dhe sanksionet kundërvajtëse i shqipton Komisioni të Kundërvajtjes në Komisionin Shtetëror.

Në bazë të nenit 114, paragrafi 2 të Ligjit të Parandalimit të Korrupsionit dhe të Konfliktit të Interesit, Komisioni Shtetëror e formon Komisionin eKundërvajtjes të përbërë nga pesë nëpunës administrativë të punësuar në Sekretariatin e Komisionit Shtetëror.

Komisioni për Kundërvajtje në Komisionin Shtetëror e zhvillon procedurën kundërvajtëse në pajtim me Ligjin tët Kundërvajtjes.

Para paraqitjes së kërkesës për fillimin e procedurës për kundërvajtje, zhvillohet procedura e zgjidhjes me lëshimin e urdhërpagesës për kundërvajtje, në pajtim me Ligjin e Kundërvajtjes.

Претседателот и членовите на Државната комисија се овластени да ја водат постапката за порамнување за прекршоци кои ќе ги констатираат во предметите кои им се распределени за работа.

Kryetari dhe anëtarët e Komisionit Shtetëror janë të autorizuar të udhëheqin procedurën për zgjidhjen e shkeljeve që i konstatojnë në lëndët që u janë caktuar për punë.

## ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

## INFORMIMI I OPINIONIT PËR PUNËN E KOMISIONIT SHTETËROR

### Известување на јавноста

### Njoftim i opinionit

Член 58

Државната комисија редовно ја известува јавноста за својата работа преку:
- прес-конференции;
- брифинзи;
- соопштенија;
- веб-страницата на Државната комисија и
- други форми за известување;

Neni 58

Komisioni Shtetëror informon rregullisht opinionin për punën e tij përmes:
- konferencave për shtyp;
- brifingjeve;
- njoftimeve;
- faqen e internetit të Komisionit Shtetëror dhe
- formularët e tjerë të raportimit;

Член 59

За ставовите и заклучоците на Државната комисија, јавноста ја информира претседателот, член на Државната комисија што ќе биде определен од страна на претседателот или административниот службеник во согласност со описот на работното место.

Ставовите и одлуките на Државната комисија, по барање на медиумите, ги изнесуваат и членовите и за тоа ја информираат Државната комисија.

Членовите на Државната комисија можат јавно пред медиумите да изнесат свои лични ставови со задолжителна забелешка дека во тој случај изнесуваат свој личен став.

Neni 59

Për konkluzionet dhe qëndrimet e Komisionit shtetërorë, opinionin e informon kryetari, anëtari i Komisionit Shtetëror i cili do të përcaktohet nga kryetari ose nëpunësi administrativ në përputhje me përshkrimin e vendit të punës.

Qëndrimet dhe vendimet e Komisionit Shtetërorë, me kërkesë të mediave, i paraqesin edhe anëtarët dhe për këtë e informojnë Komisionin Shtetëror.

Anëtarët e Komisionit Shtetëror para mediave mund t'i paraqesin publikisht qëndrimet e tyre personale me një shënim të detyrueshëm se në atë rast e paraqesin qëndrimin e tyre personal.

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА

Член 60

Предлог за измени и дополнувања на Деловникот за работа на Државната комисија може да поднесе претседателот и секој член.

Член 61

Изменување и дополнување на овој Деловник се врши на ист начин и постапка според коишто се донесува Деловникот.

## NDRYSHIME DHE PLOTËSIME NË RREGULLOREN E PUNËS SË KOMISIONIT

Neni 60

Propozim për ndryshime dhe plotësime në Rregulloren e Punës së Komisionit Shtetëror mund të paraqesin kryetari dhe secili anëtar.

Neni 61

Ndryshime dhe plotësime të kësaj rregulloreje kryhen në të njëjtën mënyrë dhe procedurë sipas së cilës miratohet rregullorja

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 62

Овој Деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

Со влегување во сила на овој Деловник престанува да важи Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр. 02-1017/1 од 05.03.2019 година.

Одредбите од член 25 од овој Деловник ќе се применуваат од денот на обезбедување на соодветните материјално - технички услови.

## DISPOZITA KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 62

Kjo rregullore hyn në fuqi në ditën e miratimit të saj.

Me hyrjen në fuqi të kësaj rregulloreje, Rregullorja e Punës së Komisionit Shtetëror për Parandalimin e Korrupsionit nr. 02-1017/1 nga 5.3.2019.

Dispozitat e nenit 25 të kësaj rregulloreje do të zbatohen nga dita e sigurimit të kushteve të përshtatshme materialo-teknike.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА**
**КОРУПЦИЈАТА/KOMISIONI SHTETËRORË**
**PËR PARANDALIMIN E KORUPSIONIT**
**Претседател/Kryetar,**

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk